Европска унија

Делегација на Европската унија

Скопје, 14 март 2013

# Почеток на проект финансиран од ЕУ: “Дополнителна надградба на системот за идентификација на земјишни парцели во рамки на Интегрираниот систем за администрација и контрола”

**(ЕУ ИнфоЦентар)**

Говор
Амбасадор Аиво Орав
Шеф на Делегацијата на ЕУ

**Почитуван Министер Димовски,**

**Почитуван г-дине Роуландс,**

**Дами и господа,**

Задоволство е да се одбележи почетокот на овој проект финансиран од ЕУ наменет за поддршка за земјоделскиот сектор.

Овој проект е финансиран од Европската Унија со 700.000 евра и е дел од нашите напори да го направиме земјоделскиот сектор соодветен за членство во ЕУ.

Земјоделството има клучна улога во руралните економии, во управувањето со природните ресурси и во зачувувањето на био-разновидноста и околина. Руралните области сочинуваат околу 90% од територијата на Европската унија (ЕУ), од која повеќе од половината е обработувана од земјоделци.

Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) во ЕУ има за цел да ги поддржи приходите на фармерите и истовреме ги охрабрува да произведуваат производи со висок квалитет на одржлив начин.

Многу земјоделци од ЕУ имаа придобивки од помошта за модернизирање на фармите и земјоделската механизација, како и за подобрување на квалитетот на условите во кои го одгледуваат добитокот. Предизвик е да се обезбеди со сигурност дека таа модернизација ќе им помогне на земјоделците да станат економско конкурентни и да ги применат техниките за одржлива животна средина.

ЗЗП не може да биде ефикасно спроведена без издржана политика и без контролни инструменти како што е интегрираниот административен и контролен систем (ИАКС). Системот за идентификација на земјишни парцели (СИП) е систем кој дозволува пресметки на субвенции и проверка на средствата доделени на земјоделците. Уште повеќе, системот нуди корисни информации за идните политики во областа на земјоделството.

Земјоделството е без сомнение една од комплицираните области при пристапните преговори. Исто така е и еден од најсложените делови на ЕУ законите кога се говори за спроведувањето.

Од земјоделците се бара да почитуваат широк збир на закони поврзани со безбедноста на храната, здравјето и добрата состојба на животните, фитосанитарните мерки и заштитата на животната средина. Крајната цел е да се обезбеди храна со висок квалитет и во исто време заштита на животната средина.

Поради овие причини, но исто така и поради тоа што земјоделството е многу важна област за социо-економскиот развој како и за вработеноста во земјата, ЕУ ќе продолжи да обезбедува значителни финансиски средства за овој сектор во годините кои следуваат.

Проектот кој започнува денес, ќе им помогне на државните власти поефикасно да ги спроведат програмите со субвенции, директни плаќања, како и програмите за рурален развој и други национални модели на поддршка. Понатаму, ќе и помогне на земјата во подготовката за користење на европските фондови за земјоделство кои ќе бидат достапни по пристапувањето во Европската унија.

Крајните корисници кои ќе имаат придобивки од овој проект ќе бидат земјоделците. Тие ќе добијат поедноставени процедури за апликација за финансиска помош и поефикасна контрола над целиот процес.

Ви посакувам успешна работа при остварувањето на целите на проектот.

Ви благодарам многу за вниманието.